Архивски знак: 0202
Рок на чување: 1 год.
04.07.2018 година

ЦРВЕН КРСТ
на Република Македонија
Бр. 0202-651/10
04.07 2018 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 31 од Статутот на Црвен крст на Република Македонија, Раководниот одбор на Црвен крст на РМ на својата седница одржана на 04.07. 2018 година донесе

**ПРАВИЛНИК**

**за користење на службени платежни картички**

**во Црвен крст на Република Македонија**

## I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се уредуваат правото, начинот и постапката за користење на службени платежни картички во Црвен крст на Република Македонија на сите нивоа на организациона поставеност.

Член 2

Под *службени платежни картички* во смисла на овој правилник се подразбираат картички кои се користат исклучиво за плаќање на нужни трошоци поврзани со работењето на Црвениот крст во платниот промет во земјата и во странство.

Раководниот одбор на ЦКРМ/ЦКГС/ООЦК со одлука го определува лимитот на картичките согласно расположивите средства во организацијата.

## II. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

**Службени картички**

Член 3

Право на користење на службена платежна картичка имаат лица од раководна и управувачка структура кои се определени со одлука на Раководниот одбор на Црвениот крст на РМ/ЦКГС/ООЦК.

Издадените картички гласат на име на корисникот.

По исклучок, службена платежна картичка може да користи и друго лице (пр. од стручната служба) за одредени службени плаќања, врз основа на посебно пишано одобрение од Генералниот секретар на Црвен крст на РМ/Секретарот на ЦКГС/ООЦК.

Член 4

Се забранува давање на картичката на друго лице.

Член 5

Се забранува вадење на готовина од картичката, освен по исклучок кога службениот трошок не може да се наплати со картичката.

Член 6

Службените картички може да се користат во Република Македонија и во странство за сите службени плаќања до износ на предвидениот лимит.

По исклучок, во посебни оправдани случаи, кога корисникот мора да плати приватна сметка (на.пр.за трошоци за време на службено патување), должен е во рок од 5 (пет) дена по враќањето да го извести Одделението за финансии во Црвен крст на РМ односно Финансиската служба во ЦКГС/ООЦК и со посебна уплатница да го уплати користениот износ во корист на Црвениот крст.

Член 7

Корисникот на службената картичка од член 3 на овој правилник е должен копие од сметката на картичката и фискалната сметка да доставува во Одделението за финансии на ЦКРМ односно финансиската служба на ЦКГС/ООЦК.

Во случај кога корисникот на службената картичка неуредно ги приложува сметките, Одделението за финансии/Финансиската служба се должни да укажат на потребата од уредно доставување на сметките за потрошените средства.

Член 8

Во случај на губење на картичката корисникот е должен без одлагање да ја извести банката и Одделението за финансии/Финансиската служба и за истото да поднесе писмена изјава.

Член 9

Во случај на користење на средствата спротивно на намената како и одредбите на овој правилник, корисниците и лицата овластени од нив се должни лично да ги надоместат истите.

## III.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 10

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесување, а ќе се применува од 01.08.2018 година.

Претседател,

проф.д-р Ромел Велев